# Повик за поднесување на понуди

## Република Северна Македонија

## Проект за подобрување на општинските услуги - МСИП

**MSIP-NCB-129-19**

1. Овој Повик за поднесување на понуди ја следи општата објава за набавки за овој проект објавена во изданието на UN DevelopmentBusiness со бр. 767 од 31 јануари, 2010 година (печатено издание) и електронски објавена на 06 јануари, 2010 година.

2. Република Македонија доби кредит од Меѓународната Банка за Обнова и Развој (IBRD), за спроведување на Проект за подобрување на општински услугите (МСИП) и има намера дел од добиените средства од овој кредит да ги искористи за плаќања по договор за: **Изградба на улици во населеното место Долно Оризари**.

3. Општина Битола ги повикува подобните и квалификувани понудувачи да дадат запечатени понуди за градежни работи кои вклучуваат: **Изградба на улици во населеното место Долно Оризари**.

4. Процесот на понудување ќе се спроведе преку процедури за национално јавно наддавање како што е специфицирано во Упатството на Светска банка: Набавка со средства добиени од IBRD Заеми и IDA Кредити, од јануари 2011 година и е отворен за сите понудувачи од подобните земји како што е дефинирано во тендерската документација.

5. Заинтересираните подобни понудувачи може да добијат дополнителни информации на адресата наведена подолу од 08:30 до 16:30:

Адреса: ул.Булевар 1ви мај бр. 61, Битола

Град: Битола

Поштенски број: 7000

Држава: Република Северна Македонија

Телефон: 047-208-325

Факс: 047-234-234

Електронска адреса: slavica.nabavki@bitola.gov.mk

а) За плаќање во денари:

Комплетна Тендерска документација на македонски јазик може да ја купат заинтересираните понудувачи по поднесување на писмена апликација на адресата дадена подолу и по плаќањето на неповратна такса од **3,000.00 МКД**. Методот на плаќање ќе биде преку ПП50 образец, на следнава сметка:
Банка: Народна банка на Република Македонија
Број на сметка: 100000000063095
Буџетска корисничка сметка: 703014002963013
Приходно конто: 724125 програма 00

Тендерската документација ќе биде доставена по електронска пошта или може да се добие директно од Општина Битола.

6. Понудите мора да се достават на адресата дадена подолу до **13:00ч, 30-10-2019** Електронско доставување на понудите не е дозволено. Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени. Понудите ќе бидат физички отворени во присуство на претставници на понудувачите кои ќе изберат на присуствуваат лично на адресата дадена подолу во **13:00ч, 30-10-2019**

7. Сите понуди мора да бидат придружени со Банкарска гаранција од **150.000,00 МКД**.

8. Адреса: Булевар 1ви мај бр.61, Битола

Град: Битола

Поштенски број: 7000

До Архива

Држава: Република Северна Македонија